Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 117/6306
18.03 2020 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 12 март 2020 година, врз основа на примена жалба од Гордана Савиќ, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**Интернет – порталот „ДоказМ.мк“, со текстовите насловени „Директорот на Катастар Тунџев конечно си ја вдоми швалерката“, „Лижел ли ци*ки (гради) Тунџев во канцеларија?“ и „(Видео) Тунџев има швалерки оти кога човек ќе лапне функција жена му му станува грда, а куќата мала“, го прекрши Кодексот на новинарите во членовите 1, 7 и 15.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 19 февруари 2020 година, Гордана Савиќ, поднесе жалба за три текста со наслов „Директорот на Катастар Тунџев конечно си ја вдоми швалерката“, „Лижел ли ци*ки (гради) Тунџев во канцеларија?“ и „(Видео) Тунџев има швалерки оти кога човек ќе лапне функција жена му му станува грда, а куќата мала“, објавени на 14, 17 и 19 февруари 2020 година, на интернет – порталот „ДоказМ.мк“ (www.dokazmakedonija.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи говор на омраза, неточно и нефер известување, нарушување на приватноста, пристрасност и неурамнотеженост во информирањето и незастапена втора страна.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „ДоказМ.мк“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот посочи дека нема намера да одговори и дека постојат судови.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА.** Комисијата едногласно одлучи дека во текстовите се прекршени членовите 1 и 7, а со мнозинство гласови и членот 15 од Кодексот на новинарите на Македонија.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 7:*** *„Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес“..*

***Член 15:*** *„Новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста“.*

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 12 март 2020 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, утврди дека се за работи серијал целосно необјективни текстови, кои грубо ги кршат основните новинарски и етички стандарди. Трите оспорени текстови се без автор и пренесуваат информации за наводни љубовни афери и непримерно однесување на неколку вработени во Агенцијата за катастар и недвижнини, вклучително и на директорот на институцијата и на подносителката на оваа жалба.

Со оглед дека јавните функционери и институции подлежат на строг јавен надзор, самите текстови, несомнено, произлегуваат од јавниот интерес, но не и на начин на кој се обработени. Новинарскиот производ е тенденциозен, сензационалистички, вулгарен и едностран, зашто интернет – порталот „ДоказМ.мк, информацијата ја темели единствено на писмо на вработени во Катастарот, испратено до редакцијата, во кое се изнесени скандалозни информации, поврзани со директорот и уште неколку вработени во институцијата. Новинарот морал да изрази резерва, воздржаност и сомнеж кон изворот и да се потруди да обезбеди што е можно пообјективна и проверена информација, наместо да смета дека е доволно само да ги пренесе тврдењата на изворот, нудејќи ги како извесен епилог.

Оттука, Комисијата најде дека во текстовите е прекршен **членот 1** од Кодексот на новинарите, чија отстапка, особено е нагласена во следните реченици:

***„Директорот на катастар Тунџев конечно си ја вдоми швалерката“.***

***А, Горданчето како го смота овој сите се чудат, она и со други исто си се мотала, ама овој копукот се заљубил. Друго од муабети низ катастар дознав дека после твојот текст, Тунџев со жена му лом се направиле. Абе сите јаки еб..и станаа.“***

Постулат на новинарската професија е да се обезбеди „втора страна“, односно да им се даде можност на сите засегнати во новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова, особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора.

Понатаму, Комисијата утврди дека во рамките на трите текста се објавени и неколку фотографии, на кои освен директорот на Агенцијата, прикажана е и подносителката на жалбата, Гордана Савиќ. Комисијата, при одлучувањето, го зеде предвид и чл.2 ст.1. т.1 од

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Законот за заштита на личните податоци и констатира дека во овој случај, во согласност со самата дефиниција пропишана во членот, од фотографијата многу лесно може да се утврди личниот профил, односно идентитетот на лицето на фотографијата врз основа на неговата физиономија, во случајов, на подносителката на жалбата.

Во овој контекст, Комисијата се согласи дека личниот живот на жалителката, која не е ниту избран, ниту именуван функционер, ниту политичка личност, не може да се смета за јавен интерес за да преовладува над приватниот интерес. При објавувањето на информациите за нејзе, како и нејзина фотографија, преземена од социјалните мрежи, авторот морал да направи јасна проценка дали правото на јавноста да биде информирана надвладеало над правото на личноста да ја заштити својата приватност.

Оттука, Комисијата утврди дека во текстот е прекршен и **членот 7** од Кодексот на новинарите, чија отстапка е забележителна во следните реченици:

***„Гоца му поставила услов или остави се со жена ти или вработи ме во катастар да бидам во твоја близина или чао аморе чао љубави.“***

***„Ама, најјако од све е оваа неговата швалерка, Гордана, уште кога дошла право кај него во канцеларија отишла да си се видат и да му се заблагодари изгледа за вработувањето ама додека биле внатре и секретарката влегла и ги затекнала како и ги ли..л ци..ите.***

Информации за приватниот живот на одредена личност можат да бидат објавени само доколку однесувањето на таа личност во приватниот живот има влијание врз јавниот интерес. Во такви ситуации, треба да се провери дали објавувањето на информацијата би можело да загрози и некоја друга личност. Правото на јавноста да биде информирана не може да биде оправдување на потребата од сензација.

Во продолжение, членовите на Комисијата се согласија дека во текстот на „ДоказМ.мк“ е прекршен и **членот 15** од Кодексот на новинарите, според кој, новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Ваквата отстапка, особено е нагласена во насловот и следната реченица од текстот:

***„Лижел ли ци*ки (гради) Тунџев во канцеларија?“***

***„Тоа коп.ле во канцеларија во фиока си чувал кондоми и секој ден се фалел дека е..л по некоја од вработените и дури покажувал како ги трт.л на маса“***

Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста. Новинарот мора да ги има на ум моралните стандарди на публиката на која ѝ се обраќа.

* * *

При одлучувањето, Комисијата ги зеде предвид и:

* **Членот 25 од Уставот**, во кој се вели дека на секој граѓанин му се гарантира почитување и заштита на приватноста на неговиот личен и семеен живот, на достоинството и угледот.

* **Пресудата на Европскиот суд за човекови права Von Hannover v. Germany, 2004, § 60**., каде во правењето разлика меѓу дебата од јавен интерес и заштита на приватниот живот, Судот го предвиде следново:

„Судот смета дека треба да се направи сериозна разлика меѓу објавувањето факти – дури и контроверзни – што можат да придонесат за дебатата во едно демократско општество, а се однесуваат, на пример, на политичарите во извршувањето на нивните функции и на објавувањето детали за приватниот живот на некое лице, кое што, уште повеќе, дури не ни извршува официјална функција“.

***Декларацијата на Комитетот на министри на Советот на Европа за слободата на политичка дебата во медиумите** (872 состанок од 12.02.2004 година), во делот што потсетува дека остварувањето на правото на слобода на изразување со себе носи обврски и одговорности, за кои вработените во медиумите мора да водат сметка и дека тоа легитимно може да биде ограничено поради одржување рамнотежа помеѓу ова право и почитување на другите основни права, слободи и интереси заштитени со Конвенцијата (член 8).

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет - порталот „ДоказМ.мк“ (www.dokazmakedonija.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595